# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
**на**
**Општина Ранковце**



| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник наОпштина Ранковце<br>Издавач:Општина Ранковце<br>излегува по потреба | Година XXV број 7<br>31 Мај 2024 година<br>Ранковце | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи**

1.Се прогласува Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи, донесено на 40-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.05.2024 година.

2. Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-675/1** **Општина Ранковце**
**31.05.2024 година** **Градоначалник**
**Ранковце** **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 10 и 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр.05/02) и член 143 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 4/10, 11/18, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 30.05.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За изменување на Решението за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи**

Во Решението за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи („ Службен гласник на општина Ранковце“ бр.3/2022) се врши следната измена и тоа

Во точка 2,

Членот на комисијата Ивона Дојчиновска Филиповска, помлад соработник за локален економски развој и социјална заштита, детска и здравствена заштита и родова рамноправност се заменува со:
Член на комисија Александар Стојановски, помлад соработник за животна средина, уредување и управување со градежно земјиште и просторно и урбанистичко планирање.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-630/4** **Советот на Општината Ранковце**
**30.05.2024 г.** **Претседател**
**Ранковце** **Александра Стамболиска-Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година, за прв квартал**

1.Се прогласува на Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година, за прв квартал, донесен на 40-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.05.2024 година.

2. Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година, за прв квартал, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-675/2** **Општина Ранковце**
**31.05.2024 година** **Градоначалник**
**Ранковце** **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина

Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 40-та седница одржана на ден 30. 05. 2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година, за прв квартал**

1. СЕ УСВОЈУВААТ Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за прв квартал, 2024 година.

2. Составен дел на овој Заклучок се Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за прв квартал, 2024 година.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-630/5** **Совет на Општина Ранковце**
**30.05. 2024 година** **Претседател**
**Ранковце** **Александра Стамболиска Јовановска,с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

**1. Заклучок за прогласување на Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи;**
**2. Решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи;**
**3. За прогласување на Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година, за прв квартал;**
**4. Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година, за прв квартал.**

**---------------------------------------------------------/--------------------------------------------------------**